# Извештај за работата
# на
# Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство

**Јануари – Декември, 2014 година**

**Скопје, 2015**

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство имплементираше два проекти во текот на 2014 година. Во првиот „Со здружени напори – Кон нови европски стандарди во заштита на жените од родово базирано насилство“, Националната мрежа е партнер организација на Национален совет за родова рамноправност, а во вториот „Од родова нееднаквост до родова деммократија“ е носител на проектот.

## Проект „Со здружени напори – Кон нови европски стандарди во заштита на жените од родово базирано насилство“ , Јануари 2014 – октомври 2014

1. Систематско информирање на жените кои претрпеле насилство за надлежностите на институциите (полиција и ЦСР) и правата, како и информирање на корисничките за постапките на жалба, составување жалби или пружање помош во составување жалби - во канцеларијата на Националната мрежа во периодот од јануари до октомври 2014 се пријавени 16 случаи на насилство врз жени, од кои сите се однесуваат на семејно насилство. Поради тоа што извршната канцеларија на мрежата не обезбедува директни сервиси, жртвите се препратени во огранизациите членки кои ја нудат потребната помош или соодветната институција (центар за социјални работи или полиција).

2. Собирање информации од жени кои претрпеле насилство - за реализирање на ова активност се интервјуирани 10 жени за нивните искуства во јавните служби (Центар за социјална работа и Полициски станици). Прашалникот се состоеше од  дела и тоа: Општи информации за пријава на случајот , Општи податоци за лице – жртва на домашно насилство, Податоци за извршено насилство , Вид на манифестирано насилство , Искуство со институции при последно пријавување на насилство – ПОЛИЦИЈА, Искуство со институциите при последно пријавување на насилство– ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА.

   Заклучок: искуствата на интервјуираните жени покажаа дека полициските службеници не постапуваат во согласност со Протоколите за постапување во случаи на семејно насилство. Тоа значи дека недостасува информирање на жртвите за нивните права во постапката и дејствија кои ќе ги превземе полицијата, како и информирање за достапните бесплатни сервиси кои ги обезбедуваат институциите и невладините организации. Насилниците не се третираат како сторители на кривично дело и најчесто случајот се заведува како поплака. Забележително подобрување во постапувањето на полициските службеници е љубезниот и професионален однос при приемот на жртвата, и изостанува убедувањето да се смират со сторителот кое беше пракса во минатото. Сличен е заклучокот и во однос на постапувањето на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Скопје. Протоколите за постапување во случаи на семејно насилство не се почитуваат, односот на вработените стручни лица е непрофесионален и субјективен, и варира индивидуално од случај до случај што никако не е дозволиво во ваква институциија. Жртвите не се информирани за мерките за заштита за кои центарот има овластување, ниту пак за привремените мерки за заштита. Исто така не доволно се споделуваат информации за бесплатните услуги кои ги нудат невладините организации, туки се инсистира на помирување без да се обезбеди соодветно советување и за жртвата и за сторителот на насилство.

3. <u>Следење на примена на политики</u> - во рамките на оваа активност беа остварени шест состаноци со претставници од локалните самоуправи по следниот редослед : општина Аеродром, општина Кисела Вода, Општина Центар, Општина Гази Баба, општина Сопиште и општина Шуто Оризари. Беа добиени следниве информации од локалната самоуправа за услугите на социјална заштита за жени и деца жртви на семејно насилство.

Општина Аеродром - Состанокот со претставници на Општина Аеродром се одржа на 28.04.2014 во општинската зграда. На состанокот беа присутни двајца претставници на општината, координатор на Комисија за еднакви можности во општина Аеродром – Јелена Пејовиќ, сектор за социјална и здравствена заштита и заштита на деца- Зорица Јакимовска. Целта на состанокот беше дискусија на програмата за социјална и детска заштита за 2012- 2013 и вклучувањето на програми за семејно насилство и други форми на насилство врз жени. Од оваа средба произлегоа следниве заклучоци :

- Општината Аеродром во програмата за социјална и детска заштита не вклучува потпрограма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената;
- Општината Аеродром во својата програма за социјална и детска заштита не ги препознава жени жртви на различни видови на насилство, вклучувајќи го и семејно насилство како посебна ранлива група;
- Активностите на оваа тема, според присутните се дел од програмата за соработка со здруженија на граѓани и хуманитарни организации, но во истата не се спомнати здруженија на граѓани кои работата во областа на насилство врз жени и семејно насилство, туку само организации кои опфаќаат други проблематики;
- Во овие две години не била поддржана ниедна активност од ГОи поврзана со семејно насилство или други форми на насилство врз жената;
- Во Програмата на комисијата за еднакви можности на жените и мажите, според присустните вклучува и соработка со организации на жени, индивидуални експерти или здруженија на граѓани поврзано со проблематиката на насилство врз жени и семејно насилство, но во 2012 и 2013 година не била поддржана ниедна активност во рамките на оваа програма;
- Комисијата за еднакви можности во 2012 и 2013 организирала по една активност – трибина на тема Семејно насилство за одбележување на меѓународниот ден за борба против насилство врз жени – 25 Ноември;
- На барањето да достават извештај за спроведени активности од областа на социјална заштита и распределени средства, присутните одговорија дека не се во можност да ги споделат тие информации поради тоа што не прават финални наративни извештаи.

Општина Кисела Вода - Состанокот во Општина Кисела Вода се одржа на ден 30.04.2014 во општинската зграда. На состанокот беше присутна претставничка на општината Валентина Стевановска–оддел за социјална заштита и заштита на животна средина. Целта на состанокот беше дискусија на програмата за социјална заштита за 2012- 2013 и вклучувањето на програми за семејно насилство и други форми на насилство врз жени. Од оваа средба произлегоа следниве заклучоци :

- Општината во програмата за социјална заштита не вклучува потпрограма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената;
- Жртвите на семејно насилство се вклучени во програмата за социјална заштита преку потпрограмите за обезбедување на социјална помош и поддршка, заедно со другите

ранливи групи;

- Во овие две години не била поддржана ниедна активност на ГОи поврзана со семејно насилство или други форми на насилство врз жената.

Општина Центар - Состанокот со претставниците на општина Центар се одржа на 30.04.2014, во канцеларијата на раководителот на сектор за јавни дејности- Ратко Савовски, еден од присутните на средбата. Покрај него беше присутна и Елена Чалческа Тамашинова- комисија за еднакви можности. Важно да се напомене е дека програмата за здравствена, социјалната заштита и заштита на деца во оваа општина е под надлежност на секторот за јавни дејности. Не постои посебен сектор за социјална заштита. Целта на состанокот беше дискусија на програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца за 2012- 2013 и вклучувањето на програми за семејно насилство и други форми на насилство врз жени. Од оваа средба произлегоа следниве заклучоци :

- Општината Центар во програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца не вклучува потпрограма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената;
- Во програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца има активност која предвидува формирање на Локално координативно тело за едукација и превенција од секаков вид на насилство, во кое според претставниците со кои разговаравме на средбата се предвидени и активности за превенција и заштита од различни форми на насилство врз жената вклучувајќи го и семејното насилство;
- Активностите вклучени во програмата за социјална заштита се дефинирани како општи, не конкретни поединечни активности и генерално опфаќаат можност за одржување на едукациски работилници во училиштата;
- Насилството врз девојките и жените, семејно насилство и разни видови на дискриминација се една од приоритетните области во Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите за 2013, но не постојат информации за спроведени активности;
- Постои точка „ заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување“ во програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации, иако во минатите две години не била поддршана ниедна организација која работи на проблематиката на насилство врз жени и семејно насилство;
- Во овие две години не била поддржана ниедна активност од ГОи поврзана со семејно насилство или други форми на насилство врз жената.

Општина Гази Баба - Состанокот со претставниците на Општина Гази Баба се одржа на 05.04.2012 во општинската зграда. Присутни беа претставничките на извршната канцеларија на Националната мрежа, Светлана Којчева- сектор за образование и Валентина Мерџановска- сектор за социјална и здравствена заштита. Целта на состанокот беше дискусија за Програмата за здравство, социјална заштита и заштита на деца за 2012/ 2013 и вклучувањето на програми за семејно насилство и други форми на насилство врз жени. Од оваа средба произлегоа следниве заклучоци:

- Општината во програмата за здравство, социјална заштита и заштита на деца не вклучува

потпрограма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената;

- Активностите вклучени во програмата за здравство, социјална заштита и заштита на деца се дефинирани како еднократна парична помош, оброци од народна кујна, новогодишни пакетчина, помош за самохрани родители и слично, и според присутните преку овие потпрограми се опфатени и жртвите на семејно насилство;
- Програмата за проекти од здруженија на граѓани вклучува и финансиска поддршка на Кризен центар „Надеж“ која организација обезбедува директни сервиси за жртви на семејно насилство;

Општина Сопиште - Состанокот со претставник на Општина Сопиште се одржа на 05.05.2014 во општинаската зграда. На состанокот беше присутен Виктор Груевски- раководител на одделение за локален економски развој и односи со јавноста, и претседател на комисија за еднакви можности при Општина Сопиште. Целта на состанокот беше дискусија на програмата за социјална заштита за 2012- 2013 и вклучувањето на програми за семејно насилство и други форми на насилство врз жени. Од оваа средба произлегоа следниве заклучоци:

- Општина Сопиште досега нема изработена програма за социјална заштита, ниту програма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената. Присутниот истакна дека е отворена можноста за соработка при креирање на новата програма планирана за 2015 и додавање на овие точки и подточки во истата;
- На територијата на Сопиште не се регистрирани граѓански здруженија, затоа не е воспоставена соработка ниту е поддржан проект од оваа проблематика.

Општина Шуто Оризари - Состанокот со претставник од Општина Шуто Оризари се одржа на 06.05.2014 во општинската зграда. На состанокот беше присутен Данчо Арсов- сектор за социјална и здравствена заштита. Целта на состанокот беше дискусија на програмата за социјална заштита за 2012- 2013 и вклучувањето на програми за семејно насилство и други форми на насилство врз жени. Од оваа средба произлегоа следниве заклучоци:

- Општината во програмата за социјална заштита не вклучува потпрограма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената. Програмата не беше достапна на увид на претставничките од мрежата;

- Жртвите на семејно насилство, според кажувањата на претставникот од општината се опфатени преку социјалната помош, еднократна парична помош и други типови на помош кои се обезбедуваат за сите ранливи категории на граѓани;
- Во овие две години не била поддржана ниедна активност од ГОи поврзана со семејно насилство или други форми на насилство врз жената.

4. <u>Информации за интервенции на насилство во семејството од полицијата</u> - иако беше планирано да се одржат состаноци со одговорните за семејно насилство во полициските

станици на ниво на општините кои се опфатени со оваа активност, бевме известени дека во истите не се прави статистика на пријавени случаи. Поради тоа беше доставено барање за пристап до информации во Министерството за внатрешни работи. Во одговорот ги добивме следните податоци:

- Во 2012 година во СВР Скопје биле пријавени вкупно 126 кривично правни настани и тоа според член 130/2 – телесна повреда 109 случаи, по член 131/2 – тешка телесна повреда 7 случаи, и по член 144/2 – загрозување на сигурност 10 случаи.
- Во 2013 година пријавени се 92 кривично правни настани по член 130/2 – телесна повреда, 72 по член 131/2 тешка телесна повреда, и 7 случаи по член 144/2 – загрозување на сигурност.
- Според општини, во општина Центар во 2012 има пријавено 5 кривични настани, а во 2013 има пријавено 9 кривични настани. Во општина Кисела Вода во 2012 има пријавено 12 кривични настани, а во 2013 има 7. Општина Аеродром во 2012 има 22 кривични настани, а во 2013 има 14 пријави. Во општина Гази Баба во 2012 има 33 кривични настани, а во 2013 има 17 интервенции.

5. Анализа на годишен извештај за работата на Меѓуопштински центар за социјална работа за 2012 и 2013 - во насока на прибирање на информации за услугите кои жртвите на семејно насилство ги добиле од центрите за социјална работа, како и споредба на бројот на жртви и сторители во 2012 и 2013 година беше закажан состанок до директорката на Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје, г-ѓа Биљана Јарчевска и раководителката на сектор за социјална инклузија/одделение за семејно насилство , г-ѓа Анета Апчева. На состанокот беа присутни Елена Димушевска од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство и Неда Чаловска од Хелсиншки комитет за човекови права. Заклучоци од состанокот:

    - МЦСР – Скопје не е во можност да обезбеди годишен извештај за состојбата со жртви и сторители на СН и иститот треба да го бараме од Министерството за труд и социјална политика

    - МЦСР – Скопје не води статистика според општини, туку на ниво на град

    - Во однос на услугите кои ги добиваат жртвите на семејно насилство беа наведени: Центар за згрижување на жени и деца жртви на семејно насилство во Скопје со капацитет од 10 легла; Советувалиште за третман на сторители на семејно насилство (со кое раководи НВО), и Советувалиште за родители и деца, и правната и психо-социјалната помош и поддршка која ја обезбедува стручниот тим во МЦСР-Скопје,

    - Во однос на другите форми на родово базирано насилство присутните изјавија дека нема пријави.

Барање за пристап до информации беше испратено до Министерството за труд и социјална политика и по два месеци не е добиен одговор. Од таа причина, за анализата на податоците за семејно насилство се искористени извештаи подготвени од Заводот за социјални дејности.

Според податоците од кварталните табели на ЦСР низ Македонија, во 2012 година има пријавено 747 жртви на семејно насилство од кои 47 се деца. Сторители на семејно насилство се вкупно 474. Само кај 22 лица од кои 9 мајки и 13 деца е увидена потребата за обезбедување на сместување во Центар за жртви на СН. Во однос на заштитата од повторно насилство, се предложени вкупно 304 привремени мерки за заштита,а изречени 231. Од педложените привремени мерки за заштита најзастапени се: Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство (предложени 96, изречени 65), Забрана да манипулира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно (предложени 75, изречени 60) и Задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување (предложени 57, изречени 44).

Според податоците добиени од базата Лирикус за 2012, пријавени се 932 жртви на семејно насилство од кои 765 или 81% се жени и 176 или 19% се мажи, и 405 сторители на семејно насилство од кои 331 или 81.7% се мажи и 74 или 18.3 % се жени што укажува на фактот дека жените се најногу погодени од овој негативен феномен. Во однос на видовите на семејно насилство најзастапено е емоционалното, потоа економското, сексуалното особено застапено кај возрасни жени, но  загрижувачка е бројката од 145 деца жртви на сексуално насилство. На четврто место е физичкото насилство. Според возраста, најпогодени се жените на возраст од 27 до 40 години, и машките деца помали од 15 години. Додека сторителите најчесто се мажи на возраст од 41 – 64 години.

Според податоците од базата Лирикус во првата половина од 2013 пријавени се 402 жртви на семејно насилство, и  174 сторители. Скопскиот меѓуопштински центар за социјална работа е еден од центрите каде е забележано најмасовно пријавување. Семејно насилство е родово базиран проблем со застапеност на женската популација на жртви од 81% наспроти машката популација со 19%. Процентуалната застапеност на сторителите е 81% мажи, и 19% жени. Според видот на насилство, на прво место е емоционалното, на второ економското, потоа сексуалното и на четврто физичкото. Најголемиот број на жртви се во најрепродуктивниот период од својот живот жто во комбинација со невработеноста и економската зависносто од сторителот ги прави вулнерабилни и подложни да трпат насилство и понатаму. За жал најголем број од пријавувањата завршуваат со психо-социјална поддршка и давање правен совет за мерките за заштита, но потоа голем дел од жртвите не се согласуваат за покренување на привремени мерки за заштита пред суд.  Бројот на предложени и изречени привремени мерки за заштита не е задоволителен во споредба со бројот на жртвите на семејно насилство. Особено е мал бројот на упатувања за советувалишен третман на сторители на насилство. Децата жртви на семејно насилство иако во голем број останувaат во сенка на своите мајки жртви и не го добиваат заслуженото внимание.

Во 2013 во Р.М  функционирале четири засолниште за жртви на семејно насилство и тоа во Скопје, Битола, Кочани и Свети Николе (во овој момент е дискутабилна функционалноста на овие засолништа, сосбено на тоа во Свети Николе и Кочани). Овие се засолништа од републички карактер и во нив може да се сместат мајки и деца жртви на семејно насилство од сите градови во републиката. Ресурси за третман на оваа појава се советувалишта за жртви и за сторители на семејно насилство во надлежност на ЈУ МЦСР Скопје.

Документи во прилог: листа на учесници, извештај од состанокот во Меѓуопштински центар за социјална работа, „Семејното насилство во Македонија“, февруари 2013, Завод за социјални дејности, „Движење на појавата семејно насилство  јануари – јуни 2013 со податоци од базата Лирикус“, Завод за социјални дејности.

6. <u>Работилница: Жената- жртва на насилство и семејно насилство, Истанбулска конвенција</u> - 09.10.2014 година во Клуб на новинари во Скопје. На работилницата присуствуваа претставници од Меѓуопштински центар за социјална работа, секрот за социјална инклузија, претставници од општина Центар, Гази Баба и Карпош. Препораки од работилницата се следните:

   - Да биде подобро напоменато на активната линија на МТСП 15 505, дека исто така е наменета за жени - жртви на насилство или семејно насилство, со додавање на назнака под бројот и истата да биде подобро промовирана со цел да се запознаат граѓаните за нејзиното постоење
   - Да се утврдат недостатоците и предизвиците на постоечките тела за справување со насилство врз жените и семејно насилство, како и кои активности може да се преземат за нивно унапредување
   - Кампањите кои се спроведуваат, како и при спроведувањето на одделни активности поврзани со оваа проблематика, да појаснуваат и нагласуваат дека станува збор за проблем кој ги засега сите, а не само оние кои се соочуваат со истиот
   - Значително да се работи на вклучување на мажите во кампањите за спречување на насилство врз жените и семејно насилство
   - Да се започне и создаде пракса на споделување на лични контакти на лицата кои се задолжени да се справуваат со проблемите на насилство врз жените и семејно насилство, при што ќе се овозможи поблиска и континуирана комуникација на сите институции и општините
   - Да се интензивира работата со сторителите на насилство врз жените и семејното насилство
   - Да се креира програма за едукација од најмала возраст, во градинки и училишта, која ќе биде кратка и концизна и ќе соодвестува со возраста на децата пред кои ќе се презентира
   - Да се контактираат институциите и здруженијата на граѓани кои работат во делот на превенција и заштита од насилство врз жени и деца и семејно насилство со цел да предложат квалификувани лица за спроведување на предавања во основните и средните училишта
   - Да се контактираат институциите и здруженијата на граѓани кои работат во делот на превенција и заштита од насилство врз жени и деца и семејно насилство со цел да предложат квалификувани лица за спроведување на предавања во Комисиите за еднакви можности.

7. <u>Завршна конференција на тема „Конвенција на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жени и домашно насилство – Чекори кон ратификација</u>

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство и Хелсиншкиот комитет за човекови права во партнерство со Националниот совет за родова рамноправност одржаа Конференција на тема „Конвенција на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жени и домашно насилство – Чекори кон ратификација“, која се одржи на 06.11.2014 година во хотел Порта, Скопје. На конференцијата беа поканети и присуствуваа 39 учесници, а меѓу присутните беа претставници од Министерството за труд и социјална политика, судии од Основен суд 1 Скопје и Апелационен суд Скопје, претставници од општините во Скопје - сектор за социјална заштита, и општински комисии за еднакви можности , претставници од невладиниот сектор, адвокати со самостојна пракса, јавно обвинителство и универзитетски професори/ки.

8. Предлози за решенија за унапредување на услугите за жртвите на различни форми на насилство врз жени – како последна активност во рамки на овој проект беа подготовени предлози за унапредување на состојбата со насилството врз жените и семејното насилство.

**I. Измени и дополнувања на легислативата со цел усогласување со меѓународните стандарди**

- Лобирање за следење и усогласување со меѓународните принципи односно стандардизација на услугите во случаеви на насилство врз жената; Во таа насока ратификување и имплементација на Конвенцијата за превенција и борба против насилство врз жената и семејното насилство ќе обезбеди практична имплементација на тие стандарди;

- Во согласност со Конвенцијата, да се залага да институционалните механизми, вклучително и законската регулатива и сервисите, да ги адресираат сите форми на насилство врз жената, а не само семејното насилство;

- Лобирање за усвојување на Закон против сите форми на насилство врз жената и Стратегија за превенција на сите форми на насилство врз жената;

- Иницирање на измени и дополнувања на Законот за бесплатна правна помош со цел обезбедување на бесплатна правна помош за сите жени жртви на насилство, вклучително и семејно насилство;

- Лобирање за измени во Кривичниот Законик со цел подобрување на заштитата на жените жртви на насилство;

- Иницирање на развивање на механизми за систематски мониторинг на имплементацијата на легислативата.

**II. Стандардизација на услугите и системот за поддршка на жените жртви на насилство,вклучително и семејно насилство**

- Подобрување на достапноста на сервисите и услугите за жртви на сите форми на насилство врз жени, со особен фокус на жените од рурални средини и етнички заедници;

- Равивање на план за јакнење на капацитетите на организациите преку едуцирање на стручниот кадар за работа со различни форми на насилство врз жената;

- Застапување за отворање на специјализирани сервиси за поддршка на жени жртви на сексуално насилство;

- Застапување за усвојување на долгорочни програми за јакнење на капацитетите на институциите за справување со случаеви на насилство врз жената, креирање на долготрајни модули за задолжителна обука и тренинг за центрите за социјална работа, полициските службеници, здравствените работници, судиите.

**III. Можности за финансирање на сервисите и услугите на НВО од страна на државата**

- Лобирање и застапување за обезбедување на финансиски средства од државните институции за поддршка на невладини организации кои обезбедуваат специјализирани сервиси/услуги за различните форми на насилство врз жени. За таа цел, потребно е да се направи проценка на трошоците за обезбедување на секоја од директните услуги;

- Насочување на активностите на ГОи и залагања со цел влијание врз донаторите и нивните политики и програми во насока на пренасочување на средствата од институциите кон специјализираните сервиси кои ги нудат организациите. Кога станува збор за донаторите, посебно внимание да биде насочено кон пренасочување на нивниот фокус од семејно насилство и трговија со луѓе кон сите видови на насилство врз жените:

- Лобирање и застапување за примена на пристапот родово буџетирање, како можност за обезбедување средства за делување на организациите кои обезбедуваат поддршка и услуги на жените жртви на насилство.

## Проект „Од родова нееднаквост до родова демократија“, 01.09.2014 – 30.04.2015

1. Конкурс за ангажирање на двајца соработници/чки, за изработка на Прирачник за Родова Демократија за врснички едукатори – од поднесените пријави беа избрани две соработнички: Фросина Ивановска и Наташа Димитровска кои имаа задача да подготват предлог верзија на Прирачникот за родова демократија. Беа органирани две фокус групи со студенти во декември месец за коментирање на содржината со насока на нејзино прилагодување со цел изработка на прирачник кој ќе биде разбирлив и корисен за студентите и средношколците. Промоцијата на прирачникот е планирана за март 2015 година.

2. Објава за учество на тренинг за врснички едукатори за родова демократија – тренинзите се закажани за јануари и февруари 2015 година, а на повикот се пријавија повеќе од 100 студенти и средношколци. Поради непосотењето на строго дефинирани критериуми за учество, изборот на усленици беше направен на основа на кој прв се пријавил.

## Останати активности:

1. <u>Предлог закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство</u>

- Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство која е мрежа од 27 организации кои работат на проблематиката на семејно насилство и која беше член на Националното координативно тело за семејно насилство во рамки на Министерството за труд и социјална политика не беше вклучена во работната група за креирање на новиот Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство.
- На Јавната расправа организирана за разгледување на потребата од креирање на нов Закон за превенција и спречување на семејно насилство, која беше закажана од претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, а одржана на 27 декември 2013 во Собранието на РМ, на која присустуваа претсавници од Националната мрежа беа донесени следниве заклучоци:

  1. Отпочнување на нов процес за креирање на законот во кој покрај претставници од институциите ќе бидат вклучени и претставници од невладин сектор и парламентот.

  2. Подготовка на соодветна анализа на ситуацијата за проблемите во имплементација на системот за заштита од семејно насилство.

  Ниту еден од горенаведените заклучоци коишто беа донесени во Собранието на Република Македонија, не беа испочитувани. Писмено беше побарано од претседателката на КЕМ, г-ѓата Лилјана Поповска јавно да ја објасни причината за непочитување на препораките од законодавниот дом. Тоа не се случи.
- Националната мрежа беше поканета да присуствува на јавната расправа која се одржа на 10 јули 2014 година во хотелот ТЦЦ Гранд Плаза во Скопје. Беа присутни повеќе претставници од организациите членки иако беше присутен ставот дека едночасовен форум не дозволува сеопфатна и суштинска дебата за предизвици поврзани со превенцијата и заштитата од семејно насилство коишто не ги адресира новиот предлог закон. И покрај тоа што тенденциозно бевме исклучени од процесот, сепак мрежата остана конструктивна во името на заштита на жртвите и поднесе генерални забелешки за законот. Генерални забелешки на Предлог – Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство:
  - Нема претходна анализа на капацитети за превенција и заштита од семејно насилство коишто постојат во Република Македонија, врз основа на која преку законското решение сеопфатно ќе се одговори на постоечките слабости во различните сектори кои го третираат семејното насилство.
  - Законот не е родово сензитивен, не го дефинира семејното насилство како родово базирано насилство и не ги препознава девојките и жените како посебно ранлива група на родово-базирано насилство.
  - Законот не нуди нови подобрени решенија за проблемот на семејното насилство, ниту од аспект на превенција, ниту од аспект на заштита на жртвите споредено со постоечките национални протоколи за превенција и заштита од семејно насилство, ниту пак предвидува мерки за зајакнување на институционалните капацитети за грижа, поддршка и третман од семејно насилство коишто моментално претставуваат клучна слабост во националниот одговор кон семејното насилство.
  - Улогата на здруженијата во нудење на заштита од семејно насилство не е јасно дефинирана во постоечкиот закон.

На оваа расправа мрежата побара да се закаже состанок на работната група која го изработи овој закон и да се одвои доволно време и простор да се разгледаат сите членови на Законот и се направат потребните измени.

- Иако на јавната расправа на 10 јули беше ветено дека претставници од мрежата ќе бидат повикани во работната група со цел дискусија за предлог дополнувањата и измените кон законот, ниту ова барање не беше испочитувано. И покрај тоа, мрежата достави детални коментари кон членови на законот. Коментарите во предвидениот рок беа испратени до одговорните лица кои беа назначени контакти на ЕНЕР и дополнително имаше обид истите забелешки да се прикачат на ЕНЕР, но од непозната причина овој обид заврши неуспешно.
- На првото читање на законот закажано за 27.08.2014 во Собранието на РМ ја добивме пораката – ниедна суштинска забелешка и предлог на невладините организации не беше прифатена. Овој закон со сегашниот текст од ниеден аспект не предвидува подобрена заштитата на жртвите на семејно насилство, особено на жените жртви , ниту пак предвидува превенција на повисоко ниво во насока на спречување на идни насилства
- Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство на 04 септември 2014 година (четврток) во 10:00 часот во Прв семеен центар во Скопје одржа прес конференција посветена на новиот предлог Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство. На прес конференцијата се обратија Елена Димушевска – извршна директорка на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство и Елизабета Божиновска – програмски координатор во Х.Е.Р.А. На прес конференцијата беше укажано на реалните состојби од терен со кои се соочуваат најзасегнатите од овој проблем и се побара законот кој е се уште во процедура да понуди решенија и одговори на реалните потреби коишто постојат во практика.

2. <u>Национална кампања „16 дена активизам против насилство врз жени и семејно насилство“</u>

- Темата на кампањата беше „16 дена активизам за 16 убиени жени за 6 години“;
- На 25 Ноември 2014 година кој е Меѓународен ден за борба против насилство врз жените и семејно насилство, беше оддржан мирен протест пред Министерството за труд и социјална политика. Беше оддржана и прес конференција на која беа соопштени барањата на Националната мрежа http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/25-11-2014-protest-stop-za-nasilstvoto-vrz-zhenite-16-ubieni-zheni-za-6-godini-shto-prezedovte/
- Во следните 15 дена се оддржаа осум работилници во осум градови во кои мрежата има свои организации членки и тоа: Скопје, Битола, Свети Николе, Штип, Радовиш, Струмица, Тетово и Куманово. Учесници на работилниците беа средношколци и студенти , а целта беше да се зголемат знаењата за различните форми на родово базирно насилство, вклучувајќи го и семејното насилство;
- Подготвени, испечатени и дистрибуирани информативни летоци за Интимно партнерско насилство;
- Подготвени и споделени преку социјални медиуми и веб страните на Националната мрежа и организациите членки, десет статии за различните форми на насилство врз жените. Статиите беа подготвени од лица ангажирани во организациите членки на мрежата.